**20201121543**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 април 2020 година донесе

**УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за угостителската дејност за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.111/20) во член 1 во ставот 2 по зборовите: ”отворен простор“ се додаваат зборовите “и на решението за утврдување на категорија на угостителски објект”.

Член 2

По членот 2 се додава нов член 2-а кој гласи

“Член 2-а

Важноста на решението за утврдување на категорија на угостителски објект чиј рок на важење е истечен или ќе истече за време на траењето на вонредната состојба, се продолжува за време на траење на вонредната состојба”.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3551/1
30 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.